**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
бр: 08-2887/9
07.09.2023 год.

Врз основа на член 123, став 1 и член 126, став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Барање бр. 23-2887/1 од 19.06.2023 год. за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола од Друштво за производство, трговија и услуги ТОМПАНСА-САМ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со регистрирано седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.4 од Велес оператор на инсталација за интензивно свињарство, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ
***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштво за производство, трговија и услуги ТОМПАНСА-САМ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со регистрирано седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.4 во Велес, за инсталација за интензивно свињарство со капацитет од 30 места за маторици и 180 места за товеници над 30 кг., лоцирана во м.в Тодоровски бавчи на КП 15281 КО Велес, Општина Велес.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштво за производство, трговија и услуги ТОМПАНСА-САМ ДООЕЛ Велес, при користење и управување со инсталацијата да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-2887/8 од 07.09.2023 год.

3. Со ова Решение престанува да важи Б-Интегираната еколошка дозвола бр.08-512/16 од 20.06.2016 год. издадена со Решение бр. 08-512/17 од 20.06.2016 год.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за производство, трговија и услуги ТОМПАНСА-САМ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со регистрирано седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.4 во Велес е Оператор на инсталација за интензивно свињарство, лоцирана м.в Тодоровски бавчи на КП 15281 КО Велес, Општина Велес.

Операторот на инсталацијата беше носител на Б-Интегирана еколошка довола бр. 08-512/16 од 20.06.2016 год.

На 19.06.2023 год. до Општина Велес е доставено комплетно Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола заверено со бр.23-2887/1.

Врз основа на доставеното барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, претставници на Надлежен орган Општина Велес, извршија увид на локацијата на која се наоѓа инсталацијата за интензивно свињарство,Друштво за производство, трговија и услуги ТОМПАНСА-САМ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, заради утврдување на состојбата на локацијата и инсталацијата и проверка на податоците содржани во барањето за добивање на Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Од Записникот со фотодокументација е утврдено дека фактичката состојба на инсталацијата и локацијата одговара на содржината во барањето.

Во текот на спроведувањето на постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола дадено е право на засегнатата јавност, како и на Операторот да се произнесе за условите и мерките од Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Бидејќи Операторот ги исполува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, а по претходно спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, утврдена во член 126 и член 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение Операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

***Доставено до:***

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изготвил: Даниела Петковска
Одобрил: Петре Цилаков